ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ
Број, 03-165/3
19.02.2015

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 25.02.2015
Број 11-69/5 | Прилог | Вредност

Архивски знак:
Рок на чување:
20 __ год.
Потпис.

ДО
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Скопје
Помошник на главниот државен ревизор,
М-р Цвета Ристовска,

Предмет: Забелешки кон Нацрт ревизорски извештај

Централен регистар на Република Македонија го разгледа доставениот Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност ефикасност и ефективност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешната ревизија во 2013 и 2014 година кај Централниот регистар и има забелешки по следните основи:

1. Во делот 2.2.2. точка 1 дадена е забелешка Извештајот на комисијата за попис не содржи преглед за материјалните (физичките) и вредносните разлики меѓу фактичката состојба на основните средства, ситниот инвентар и автогуми утврдена со пописот и нивната сметководствена состојба.
   Во ЦР на РМ, Комисијата за попис изготвува прегледи за фактичката состојба на основните средства, ситен инвентар и автогуми. Согласно листите добиени од сметководствената евиденција, утврдува дали постојат разлики помеѓу фактичката и сметководствената евиденција во сите организациони единици. До сега со пописот не е утврдено такво отстапување и од тие причини такви разлики не биле евидентирани.

2. Во делот 2.2.2. точка 2 забелешката се однесува на одредени нематеријални средства (лиценци и софтверски апликации) кои се водат во евиденциите на ЦР на РМ, а не се опфатени со пописот. Бидејќи се работи за нематеријални средства, комисијата нема можност да ги вчита освен да ги внесат рачно во баркод читачот. Овие средства не се користат подолго време и имаат книговодствена вредност 0,00 денари. Поради тоа во Извештајот на Централната пописна комисија за извршениот попис со состојба на 31.12.2014 година тие средства се предложени за расход и доставени до Управниот одбор на ЦР на РМ на усвојување.

3. Во делот 2.2.2. точка 4 дадена е забелешка: Од увидот во издадените спецификации за пописот на ситниот инвентар, утврдивме дека ист вид на средства се водат како ситен инвентар и како основни средства во зависност од вредноста при набавката. Ова се должи на фактот што ЦР на РМ нема усвоено сметководствени политики како специфични принципи, правила или практики кои ќе се применуваат при проценувањето и евиденцијата на средствата и ситниот инвентар, како би се обезбедило конзистентно постапување согласно законската регулатива. Исто така ЦР на РМ нема донесено политика за примена на методот на амортизација.

   Со Одлуката на УО бр.02-01/19 од 31.05.2005 година утврдени се сметководствени политики кои ќе се применуваат при составувањето на основните финансиски извештаи, интерните сметководствени извештаи и внесувањето на податоците во деловните книги. Во политиките направена е дистинкција во проценката и искажувањето на долготраен нематеријален и материјален имот. Нематеријалните средства опфаќаат вложувања во патенти, лиценци, концесии и други права. Долготрајниот материјален имот го сочинуваат вложувањата во недвижности, постројки и опрема доколку нивниот век на употреба е подолг од една година и поединечната набавна цена е поголема од 300 ЕУР во денарска противвредност.

   Политиката на амортизација го определува начинот на кој се пресметува амортизацијата поединечно за секое средство во рамките на амортизационите групи пропишани со Номенклатурата на средствата за амортизација.

4. Во делот 1. правна рамка и стратешки документи во алинеа 2 во делот воспоставување на систем за управување со квалитет согласно меѓународниот стандард ISO 9001:2008 последната реченица гласи: Во ЦР на РМ во тек е фаза на сертификација на политика за управување со систем за безбедност на информации согласно меѓународниот стандард ISO 27001:2005. Потребно е да се направи исправка: „Во ЦР на РМ во тек е фаза на имплементација на систем на безбедност на информации согласно меѓународниот стандард ISO 27001:2005„.

4

5. Во делот 2.1.1. Контролна средина, точка 3 дадена е забелешка: Од извршениот увид во персоналните досиеја на лицата вработени во 2013 година утврдивме дека при изборот на најповолен кандидат:

   - не е предвидена работа на комисии за избор;
   - не се вршат интервјуа со кандидатите како критериум за избор на најповолен кандидат;
   - во досегашниот период не е воспоставена пракса на оценување и унапредување на вработените, ниту пак има политика на наградување;

   Согласно член 21 од Законот за работните односи, работодавачот има право на договорна слобода, односно има право на слободно одлучување со кој кандидат, кој ги исполнува пропишаните од работодавачот барани услови за вршење на работата, ќе склучи договор за вработување.

Тестирања и интервјуа се секогаш правени при објавување на оглас за работни места од областа на информатичка технологија.

Во врска со забелешката што се однесува на оценување и унапредување на вработените како и политика на наградување, во тек е прилагодување и изготвување на сите потребни акти заради усогласување со Законот за Административни службеници и Законот за Централен регистар особено со неговите две најнови измени и дополнувања . Имено до крајот на месец февруари е планирано Управниот одбор да донесе нов Статут на ЦР на РМ во потполност усогласен со Законот за Централен регистар, како и нов Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места, а согласно тоа и нов Колективен договор во согласно со Законот за работни односи.

Што се однесува до другите забелешки наведени во Нацрт извештајот и дадените препораки, ЦР на РМ ги прифаќа и во наредниот период ќе бидат преземени соодветни мерки за нивно имплментирање.

Со почит,

Изработил:
Ана Пеоска

Одобрил:
Љубомир Филиповски

В.Д. Директор,
Андреа Поповски